КИСЕЛА ВОДА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
ул."Петар Дељан" бр.17, 1000 Skopje, Republika Makedonija, tel. ++389 2 2785-400; faks: ++389 2 2779 210
www.kiselavoda.gov.mk / contact@kiselavoda.gov.mk

Бр. 13-2300 / 8 од 13.05.2020 год.

Врз основа на член 1,член 2а и член 2б од Уредба со законска сила за примена на Законот за просторно и урбанистичко планирање за време на вондредна состојба и член 24 и член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл. весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 163/16, 64/18), и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планорање (Сл.весник на РМ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Сл.гласник на Град Скопје" бр.8/2005 и Сл.гласник на Кисела Вода бр.13/2006), донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со решение бр. 08-11142/2 од 31.12.2018 година за изработка на Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, по прифатена иницијатива, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# О Д Л У К А

за организирање на јавна анкета и јавна презентација
по предлог ДУП за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 , Блок 01
Блок 02, Општина Кисела Вода,
Плански период 2019-2024

## Член 1

Се организира јавна анкета и јавна презентација по предлог Деталниот урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода.

## Член 2

Јавната анкета по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со излагање на предлог - Планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода како и на веб страната на Општина Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk.

## Член 3

Јавната анкета ќе трае **10 работни дена**, почнувајќи три дена од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во архивата на Општина Кисела Вода.

Член 4

Јавна презентација по предлог Детален урбанистички план за изменување и дополнување за Градска четврт Ј13 – Блок 01 и Блок 02, Општина Кисела Вода, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во барака 7 – Голема сала, Општина Кисела Вода на 20.05.2020 година во 09:30 часот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Кисела Вода
Филип Темелковски